РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-184/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1974/1 од 15.07.2025 година, оформен по пријава против лицето -------- ----------, директор на ------------ -- ------------ -- ------------- ---------- -- ----, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за избор на раководители на одделенија во подрачни единици на Управата, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој презел дејствија во своја надлежност, извршил инспекциски надзор и донел решение со наредба за отстранување на утврдените неправилности, а од страна на субјектот на надзорот е постапено во целост согласно изречената инспекциска мерка.

Предметот со број 12-1974/1 од 15.07.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 15.07.2025 година, доставена е пријава против лицето -------- ----------, директор на ------------ -- ------------ -- ------------------ ----------- -- ----, и оформен е предмет број 12-1974/1 од 15.07.2025 година.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за избор на раководители на одделенија во подрачни единици на Управата во која биле избрани кандидати кои не ги исполнувале утврдените услови и критериуми за избор на раководители во предметната установа и кои преземале управни дејствија односно, решавале во управни работи по дадени овластувања спротивно на законските прописи.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот инспекторат за труд да изврши надзор над гореспомената постапка во смисла на исполнетоста на условите утврдени во Законот за вработени во јавниот сектор кои се однесуваат за избор на раководители на предметната установа и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Во доставениот одговор на Државниот инспекторат за труд е наведено дека инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат овластени инспектори вработени во Државниот управен инспекторат. Врз основа на наведеното со административен допис барањето на ДКСК е доставено на нивно надлежно постапување.

Дополнително, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да изврши надзор над гореспомената постапка во смисла за исполнетоста на условите утврдени во Законот за вработени во јавниот сектор за избор на раководители на одделенија во подрачни единици на предметната установа и за исходот да се извести Државната комисија, со достава на прилог документација.

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилог документација и од увидот во истите констатирано е следното:

Државниот управен инспекторат на РСМ на 18.08.2025 година извршил вонреден инспекциски надзор во ------------ -- ------------ -- ------------------ ----------- ------ по однос на наводите од пријавата, при што од страна на овластен управен инспектор бил изготвен Записник број ИП 1 БР 20-1226 од 21.08.2025 година, со констатирана повреда на Закон. Имено, инспекторот констатирал дека со издадените овластувања кои биле предмет на инспекциски надзор, во однос на административните службеници од категорија Г, во делот на раководење со работата на Подрачната канцеларија, решавање, управни работи, носење решенија за користење на годишни одмори на вработените во ПК, било утврдено дека оваа категорија на административни службеници, нема стручна подготовка, да презема определени дејствија во управна постапка.
Врз основа на констатираните неправилности, од страна на управниот инспектор преземени се следните инспекциски мерки и тоа: Согласно член 10 од Законот управна инспекција, било изготвено решение на субјектот на надзорот со наредба тие службени лица да престанат со преземање на управни дејствија, односно, решавање во управни работи по дадените овластувања.
ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да изврши Контролен инспекциски надзор над предметната установа по однос на тоа дали и како е постапено од страна на директорот на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

------------ -- ------------ -- ------------------ ----------- во врска со изготвеното решение за отстранување на констатираните неправилности утврдени при инспекцискиот надзор од 21.08.2025 година и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

По барањето, до ДКСК доставен е одговор при што констатирано е следното:

Државниот управен инспекторат на РСМ на 13.10.2025 година извршил Контролен инспекциски надзор во Управата за водење на матичните книги-Скопје при што од страна на овластен управен инспектор бил изготвен Записник број ИП 1 БР 20-1226 од 30.09.2025 година со кој е констатирано дека од страна на директорот на управата било постапено во целост согласно издадената инспекциска мерка.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Државниот управен инспекторат на РСМ кој презел дејствија од своја надлежност и донел решение со наредба за отстранување на утврдените неправилности, а по извршениот Контролен инспекциски надзор констатирал дека од страна на субјектот на надзорот и директорот на управата постапено е во целост согласно издадената инспекциска мерка.

Оттаму, ДКСК оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup